**ЗАПИСНИК**
**Од 63-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 05.08.2025 година, со почеток во 16:00 часот**

Скопје, јули 2025 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-2141/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 63-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 05.08.2025 година, со почеток во 16:00 часот**

Шеесет и третата седница на Општина Бутел се одржа на 05.08.2025 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Теодора Спасенцовска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Стојан Петкуќевски, Александар Ѓорчевски, Сељвете Муртези, Љејља Исени, Дарко Димовски, Мартин Бошковиќ, Оливера Ливриниќ,Чедо Николовски, Аљајдин Сали, Вулнет Селими, Борче Трајановски и Раман Рустеми

На седницата исто така присуствуваа и Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев, Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска.

Поради дадената оставка на Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов седницата ја отвори и со неа раководеше Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски.

Претседавачот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ги стави на гласање Записниците од 61-та и 62-та седница и констатира дека Советот со 15 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ истите ги усвои.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог – Одлука за констатирање на престанок на мандати на членовите на Советот на Општина Бутел, Игор Николов и Сеад Арслани.
2. Избор на верификациона комисија.
3. Верификација на мандати на советниците.
4. Избор на Кандидациона комисија за предлог на председател на Совет.
5. Избор на Претседател на Совет на Општина Бутел.
6. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Програмата Ј- Комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година.

7. Предлог- Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 8.1-Спортско рекреативен центар од ДУП за дел од Бутел 1(дел од МЗ 52-I дел), (Одлука бр. 07-179/11 од 11.11.2004)
8. Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, Плански период 2021-2026, предлог план.

Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски отвори расправа по Предлог-Дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ца Јасмина Кирковска и побара дополнување на Дневниот ред со уште една точка: Предлог – Одлука за доделување еднократна парична помош.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека Дневниот ред кој го добиле советниците поточно точките 6, 7 и 8 е потпишан од Игор Николов. Советникот нагласи дека г. Игор Николов има поднесено оставка поради друга функција, праша дали од правен аспек е погрешно тој да го потпише Дневниот ред.

На прашсњето на советникот одговори Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев. Му посочи на советникот дека не е погрешно од правен аспект бидејќи Игор Николов ја свикал седницата и во моментот кога била свикана седницата, Игор Николов се уште бил Претседтел на Советот. Образложи дека и во меѓувреме излегла Одлука во Службен весник дека Проф. д-р Игор Николов е назначен за амбасадор на Р. Франција и затоа се разрешува од Претседател на Советот на Општина Бутел.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот Дневен ред со дополнителната точка

. Советниците со 15 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот Дневниот ред со дополнителните точки.

**По првата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за констатирање на престанок на мандати на членовите на Советот на Општина Бутел, Игор Николов и Сеад Арслани,** збор му беше даден на претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања г. Стојан Петкуќевски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа и прифати Предлог – Одлуката за констатирање на престанок на мандати на членовите на Советот на Општина Бутел, Игор Николов и Сеад Арслани и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде образложение по точката.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение по Предлог – Одлуката за констатирање на престанок на мандати на членовите на Советот на Општина Бутел, Игор Николов и Сеад Арслани.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање првата точка од Дневен ред.

. Советниците со 16 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата точка од Дневниот.

**По втората точка од Дневниот ред Избор на верификациона комисија**, детален извештај даде претседателотна комисијата за мандатни прашања избори и именувања г. Стојан Петкуќевски.

За збор се пријави советникот г. Игорче Милановски и изјави дека за членови на верификационата комисија би сакал да ги предложи:

- Претседател: Јасмина Кирковска
- Член: Оливера Николовска
- Член: Мартин Бошковиќ

Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски даде десет минути пауза за да се разгледа документацијата на кандидатите за советници.

Претседателката на комисијата г-ца Јасмина Кирковска истакна дека комисијата ја разгледа документацијата на кандидатите за советници г. Борче Трајановски и г. Раман Рустеми и констатираше дека кандидатите ги исполнуваат сите услови да бидат членови на Советот.

Потоа советниците г. Борче Трајановски и г. Раман Рустеми положија свечена изјава.

Претседателот на Советот отвори расправа по втората точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски ја стави на гласање втората точка.

Советниците со 15 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија втората точка од Дневниот ред.

**По третата точка од Дневниот ред Верификација на мандати на советниците**, збор и беше даден на претседателката на верификационата комисијата г-ца Јасмина Кирковска да даде детално образложение.

Претседателката на комисијата г-ца Јасмина Кирковска истакна дека комисијата ја разгледа документацијата на кандидатите за советници г. Борче Трајановски и г. Раман Рустеми и констатираше дека кандидатите ги исполнуваат сите услови да бидат членови на Советот и мандатите може да бидат верифицирани.

Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски отвори расправа по третата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски ја стави на гласање третата точка.

Советниците со 15 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија третата точка од Дневниот ред.

**По четвртата точка од Дневниот ред Избор на Кандидациона комисија за предлог на председател на Совет,** збор му беше даден на советникот г. Игорче Милановски да даде предлог за членови на комисијата.

Советникот г. Игорче Милановски изјави дека за членови на Кандидациона комисија би сакал да ги предложи:

- Претседател: Јасмина Кирковска
- Член: Оливера Николовска
- Член: Мартин Бошковиќ

Претседателка на комисијата г-ца Јасмина Кирковска изјави дека за Претседател на Советот на Општина Бутел се предлага членот на Советот г. Никола Божиновски.

Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски отвори расправа по четвртата точка од Дневниот ред.
Бидејќи никој не се пријави за збор Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски ја стави на гласање четвртата точка.

Советниците со 12 гласови „ЗА„ 3 „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија четвртата точка од Дневниот ред.

**По петата точка од Дневниот ред Избор на Претседател на Совет на Општина Бутел,** Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски го стави на гласање предлогот на Кандидационата комисија за Претседател на Советот, односно г. Никола Божиновски.

Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски отвори расправа по петата точка од Дневниот ред.
Бидејќи никој не се пријави за збор Претседавачот на Советот г. Чедо Николовски ја стави на гласање петата точка.

Советниците со 12 гласови „ЗА„ 4 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“ ја усвоија петата точка од Дневниот ред и за нов Претседател на Советот беше избран г. Никола Божиновски.

**По шестата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Програмата Ј- Комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година,** збор му беше дадено на Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г. Никола Божиновски да даде детален извештај по оваа точка.
Советникот истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за изменување и дополнување на Програмата Ј- Комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по точката.

Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по Предлог

– Одлуката за изменување и дополнување на Програмата Ј- Комунални дејности на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по шестата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ја стави на гласање шестата точка.

Советниците со 17 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија шестата точка од Дневниот ред.

**По седмата точка од Дневниот ред Предлог- Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 8.1-Спортско рекреативен центар од ДУП за дел од Бутел 1(дел од МЗ 52-I дел), (Одлука бр. 07-179/11 од 11.11.2004),** збор му беше дадено на Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г. Никола Божиновски да даде детален извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа Предлог - Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 8.1-Спортско рекреативен центар од ДУП за дел од Бутел 1(дел од МЗ 52-I дел), (Одлука бр. 07-179/11 од 11.11.2004) и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по точката.

Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по Предлог - Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 8.1-Спортско рекреативен центар од ДУП за дел од Бутел 1(дел од МЗ 52-I дел), (Одлука бр. 07-179/11 од 11.11.2004).

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по седмата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ја стави на гласање седмата точка.

Советниците со 17 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија седмата точка од Дневниот ред.

**По осмата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, Плански период 2021-2026, предлог план,** збор му беше дадено на Претседателот на

комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г. Никола Божиновски да даде детален извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, Плански период 2021-2026, предлог план и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по точката

Раководителката на секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по Предлог – Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, Плански период 2021-2026, предлог план.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по осмата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ја стави на гласање осмата точка.

Советниците со 17 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија осмата точка од Дневниот ред.

**По деветата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за доделување еднократна парична помош,** збор и беше даден на советничката г-ца Јасмина Кирковска како предлагач на точката да даде детален извештај по истата.

Советничката г-ца Јасмина Кирковска како предлагач на точката даде детално образложение по Предлог – Одлуката за доделување еднократна парична помош.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по деветата дополнителна точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Чедо Николовски и изјави дека Предлог – Одлуката е за поздравување и истакна дека Општина Бутел се покажала како голем донатор на хуманитарен план, на спортски план, односно помага на сите категории, што е многу добро.
Советникот исто така изјави дека би сакал јавно да се заблагодари на Советот и на Градоначалникот и упати апет и понатака да продолжат така.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ја стави на гласање деветата дополнителна точка.

Советниците со 17 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија осмата точка од Дневниот ред.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи Претседателот на Советот г. Никола Божиновски констатираше дека шеесет и третата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Никола Божиновски